Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Националниот превентивен механизам (НПМ) на 06.02.2012 година спроведе посета на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми - Скопје. Посетата започна во 09:45 часот и заврши во 14:50 часот (вкупно времетраење: 5 часа и 5 минути).

Целта на посетата, согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување, е идентификување ризици заради спречување тортура или друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Посетата на оваа установа се спроведе во неколку чекори. Тимот на Националниот превентивен механизам прво разговараше со директорот, а потоа направи увид во сместувачките капацитети, заедничките простории, санитарните јазли и тушевите, собата за лекарски прегледи, како и канцеларијата на социјалниот работник.

При посетата е разговарано со повеќе деца кои престојуваат во установата, како и со повеќето вработени (психолог, социјален работник и медицинско лице) кои во моментот на посетата беа на работните места. Воедно беа прегледани и неколку досиеа на лица сместени во установата во кои е содржан социјален наод и анамнеза.

Целокупната посета на установата е реализирана во соработка со управата и со вработените, а НПМ тимот имаше непречен увид во местата на сместување, како и целосна слобода во изборот на лица со кои разговараше.

Децата кои престојуваат во установата искажаа задоволство од управата на установата и посочија дека директорот е достапен за нивните размислувања, предлози и поплаки. Тие се задоволни и од постапувањето на вработените во установата и сметаа дека нивниот однос е коректен, со определени исклучоци. Не се искажани поплаки за физичко насилство од страна на вработените, туку за насилство помеѓу самите штитеници. Поплаките воглавно се однесуваа на квалитетот и квантитетот на храната и на загревањето на просториите за сместување и престој.

НПМ тимот направи увид во просториите за сместување при што констатира дека сместувачките капацитети во основа ги исполнуваат посакуваните стандарди и се соодветно уредени за сместување малолетни лица, со можност за дополнително уредување од самите штитеници. Дел од инвентарот во собите за опсервација е оштетен и треба дополнително да се реновира со цел исполнување на условите за сместување новодојдени штитеници во Установата. Условите во училниците се на задоволително ниво, соодветно се загреани и опремени за спроведување наставна програма.

Во рамки на Установата е воспоставен и опремен Центарот за малолетници кој е утврден со Законот за малолетничка правда, но иако нов има делумни оштетувања поради што потребно е редовно одржување.

Установата располага со солидно опремена амбулантна соба во која се превенираат одредени полесни заболувања на штитениците и редовно е вработена медицинска сестра која е вклучена и во едукацијата за здрави животни вештини, како и за превенција на сексуално преносливи болести.

Во Установата е сместен шелтер центарот за жени жртви на семејно насилство, како и за раселени лица, што може да има негативно влијание врз воспитниот и корективниот третман на малолетниците кои се со воспитно-социјални проблеми.

Националниот превентивен механизам изготви посебен извештај за реализираната посета во кој се констатирани позитивните и негативните состојби и

дадени се соодветни препораки до Министерството за труд и социјална политика  и до Јавната установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми - Скопје.